Бр: 10-57
Скопје: 11.05.2020

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-57 од 08.05.2020 година, согласно вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата, усвоени на 31.03.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 11.05.2020 година го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 48-3767/1 (наш бр. 10 – 57) од 08.05.2020 година, поднесено од страна на Владата како давател на државната помош, утврди дека:

Мерката 1 од вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата под наслов **Финансиска поддршка на правните субјекти од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19** **претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош **и доделувањето на истата е дозволено како помош за отстранување на потешкотиите во домашното стопанство** согласно член 8 став (2) точка 6) од Законот за контрола на државната помош;

## Образложение

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата, во натамошниот текст „Комисија„ е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата да

достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Владата, како давател на државна помош, до Комисијата достави Известување за планирано доделување на помош за Мерката 1 од вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата под наслов Финансиска поддршка на правните субјекти од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19 бр. 10-57 од 08.05.2020 година.

Комисијата утврди дека Известувањето е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како и тоа дека Известувањето е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11) и како ден на прием на уредно известување се смета 08.05.2020 година.

Комисијата во законски предвидениот рок го испита доставеното Известување за планирано доделување на државна помош и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Владата на РСМ;
- **Корисник на државната помош е:** Шема на помош – првата мерка од вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата;
- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта – Уредба со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/20 од 28.04.2020 година) – во натамошниот текст „Уредба„.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Мерката опфаќа трансфер на државни средства со оглед дека со Уредбата е предвидено доделување на средства од Буџетот на

Република Северна Македонија и средства на Светска Банка во вкупен износ од 8.976.000.000 денари (145.951.220 евра).

Селективноста се состои во тоа што само работодавачите кои ќе ги исполнат условите од Уредбата ќе добијат средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Економската поволност за корисниците на помошта се гледа во фаворизирање на конкретни претпријатија, која што поволност овие претпријатија нема да ја имаат во нормални пазарни и бизнис услови.

Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од условите за доделувањето на оваа поддршка, јасно се гледа дека корисниците се инволвирани во економска активност и дека оперираат на пазари на кои делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретните претпријатија.

Оттука, при испитување на доставеното известување, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека мерката Финансиска поддршка на правните субјекти од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19 претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

Со Уредбата е предвидена исплата на платите на работниците кај работодавачите – баратели на финансиска поддршка за април и мај 2020 година, во износ најмногу до 14.500 денари месечно по работник, согласно со работното време на кое е пријавен работникот, намалено за работното време за кое работникот остварува надоместок на плата кој не паѓа на товар на работодавачот. За да ја користи оваа финансиска поддршка, работодавачот – барател треба да ги исполнува следните услови:

- Намалувањето на вкупните приходи остварено во април или мај 2020 година да изнесува повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени во 2019 година, а за работодавачот – барател кој е основан после март 2019 година, во однос на периодот од основањето заклучно со февруари 2020 година;
- Да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема исплата по основ на награда за деловна успешност на вработените и органите за управување и надзор од денот на влегување во сила на Уредбата до денот на исплатата за мај 2020 година;
- Најмногу 10% од вкупниот број на вработени да имаат поединечна месечна нето плата над 120.000 денари месечно по вработен во месецот за кој се бара финансиска поддршка;
- Нето платата на работникот да не е повисока од 39.900 денари за секој месец одделно од последните три месеци;

При ваквата анализа Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека мерката претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

Покрај во однос на Законот за контрола на државната помош, а согласно член 3 став (3) од истиот Закон, оценката дали доделувањето на државната помош од Уредбата е дозволено Комисијата за заштита на конкуренцијата ја врши и согласно одредбите од делот 3 (Привремени мерки за државна помош) од Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД – 19 бр. Ц(2020) 1863, усвоена на 19.03.2020 година и Изменетата Привремена рамка Ц(2020) 2215, усвоена на 03.04.2020 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека **финансиската поддршка на правните субјекти од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19 претставува доделување на државна помош како помош за отстранување на потешкотиите во домашното стопанство, при што доделувањето на истата е дозволено.**

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**